МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Септември 2011

БРОЈ 122

## Презентациски и вештини за обучување за судиите, обвинителите, адвокатите...

На тема презентациски вештини и обука за обучувачи МЦМС, на барање на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Македонија, во јули и септември, обучуваше судии, јавни обвинители, адвокати, претставници на Министерството за внатрешни работи – оддел за организиран криминал и Управата за финансиска полиција.

Вкупно 21 претставник на овие институции, во петдневната обука имаа можност да слушнат за правилата на комуникација и причините за прекин на комуникацијата, за стиловите на комуникација, за активното слушање и за фидбекот. Дел од обуката се однесуваше на циклусот на учење кај возрасните, подготовката на презентации, техниките на фацилитација и фацилитаторските вештини. Во вториот дел од обуката, учесниците во групи по двајца или тројца имаа задача самите да подготват сесија за обука применувајќи дел од вештините и техниките што ги научија на обуката.

Речиси сите теми на кои работеа учесниците се однесуваа на новините во Законот за кривична постапка. Обучените се стекнаа со вештини кои ќе им помогнат понатаму да ги обучат нивните колеги за да можат подготвено да го пречекаат периодот на спроведување на Законот.

Самиот Закон и измените во него ќе бидат предмет на други обуки, расправи и дискусии со кои ќе бидат опфатени учесниците на обуката.

Обуката ја спроведоа Гонце Јаковлеска и Валентина Чичева, обучувачи на МЦМС.



# Форумот на граѓани во Крива Паланка го избра локалниот економски развој

Граѓаните на Крива Паланка покажаа голем интерес за првата форумска сесија што се одржа на 20 септември во хотелот Турист. Дојдоа да видат каде и како можат да се вклучат во подобрувањето на животот во нивната општина. Салата беше претесна да ги собере сите заинтересирани граѓани.



*Голем интерес за првата форумска сесија во Крива Паланка*

На присутните им се обрати д-р Милка Митовска, претседател на Советот на општина Крива Паланка, Миодраг Колиќ, во име на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), и Димче Митрески, извршен директор на МЦМС.

Во текот на сесијата тие се запознаа со форумскиот процес, ја направија структурата, се поделија во работни маси на кои ќе ги водат дискусиите и ги усвоија правилата за работа на Форумот.

За време на сесијата на граѓаните им беа презентирани три теми со кои општината се пријавила за оваа програма: Образованието, спортот и животот на младите, Ставање на богатата ризница на природното и културно наследство и живата култура во функција на развој на туризмот и Локален економски развој.

„Како претседател на Здружението на стопанственици од Крива Паланка, но пред се како граѓанин, учествував и во приготвувањето на апликацијата на општината за проектот „Форум на заедницата", така што веќе сум запознаен со форумскиот процес. Задоволство ми е што го дадов својот придонес во креирањето на тематските области, а ќе учествувам и во форумските сесии, затоа што сметам дека никој подобро од нас граѓаните не ги познава проблемите со кои се соочуваме, па затоа и ние најдобро знаеме какви решенија ни се потребни за нивно надминување и подобрување на економската и социјална клима во заедницата", изјави Антони Стојановски од бизнис секторот.

Убедливо, со 77 гласа, граѓаните ја избраа темата за локален економски развој. Во понатамошните дискусии тие ќе ги идентификуваат проблемите и ќе ги бараат решенијата во оваа област посебно од аспект на инфраструктурното уредување во функција на економскиот развој. Следната сесија ќе се одржи на 20 октомври 2011 година.

## Наскоро три стратегии за соработка на општините со граѓанските организации

Во септември се одржаа првите состаноци на работните група за подготовка на стратегии за соработка на локалната самоуправа со граѓанските организации во трите пилот општини, Дебар, Јегуновце и Битола. Работните групи се дел од процесот на креирање институционален механизам за соработка на ЕЛС со граѓанскиот сектор и развивање на стратегија за соработка и вклученост во креирањето и донесувањето на локалните политики.

Работните групи се составени од двајца претставници на општината (советник и лице задолжено за соработка со граѓанските организации) и двајца претставници на локалните граѓански организации. Со учество на сите засегнати страни уште во процесот на подготовка на стратегијата ќе се обезбеди чувство на сопственост на стратегијата и ќе се придонесе кон одржливост во процесот на спроведувањето.

Работните групи ќе одржат вкупно четири еднодневни работилници и по два форуми во секоја од трите општини на кои поголем број граѓански организации ќе имаат можност да дадат придонес во подготовката на стратегијата.

Се очекува работните групи, со помош на експертите да подготват предлог стратегии за соработка со граѓанските организации во трите пилот општини. Стратегиите ќе бидат промовирани во рамките на ЗЕЛС ЕКСПО во ноември 2011 г., со што резултатите и искуствата од пилот општините ќе се споделат со другите општини.

Подготовката на стратегиите е дел од проектот „Граѓански дијалог на локално ниво" финансиран од Европската Унија (ЕИДХР).




*Од состанокот на работна група во Јегуновце*

## Истражувачки вештини за подобро влијание на политиките

На 12 и 13 септември се одржа обука за Методи и инструменти за прибирање податоци за вработените во Агенцијата за остварување на правата на заедниците и граѓански организации на немнозинските заедници во Македонија.

Учесниците научија како да пронајдат релевантни податоци и анализи од други извори и да направат осврт на литература. Тие се здобија и со основни знаења за анкетирање, односно за подготовка на прашалникот, за примерокот и за начините на анкетирање.

Квалитативните методи на истражување (фокус-група, интервју и студија на случај) исто така беа презентирани пред учесниците. Освен тоа тие слушнаа и за повеќе алатки, програми и начини за организирање, чување и анализирање на податоците.

Учесниците се запознаа и со основните правила за подготовка на квалитетни аналитички извештаи и анализи на политики.

Според изјавите на учесниците, обуката беше корисна, а стекнатите знаења ќе се применуваат во нивната секојдневна работа.

Обуката ја спроведоа Миша Поповиќ и Ненад Марковиќ од Институтот за демократија и Адис Рахиќ од МЦМС. Ова е петта обука во рамките на проектот на МЦМС „Градење капацитети на Агенцијата за остварување на правата на заедниците", кој се спроведува во соработка со ОБСЕ.

Претходно беа одржани обуки за стратешко планирање, мобилизација на ресурси, односи со јавноста и раководење со проектен циклус.



## Македонија 13-та од 29 земји во развиеност на граѓанското општество




Цивикус – Светската алијанса за граѓанско учество го објави сумарниот извештај за состојбата со граѓанското општество во светот. Извештајот, како резултат на тригодишна обемна работа во рамките на истражувачкиот проект Цивикус-Индекс на граѓанското општество (ИГО), нуди сеопфатна самоанализа на граѓанското општество и на неговите јаки и слаби страни во 35 земји ширум светот, вклучувајќи ја и Македонија и др. земји од Балканот.

„Сепак, позитивно е дека има динамичен граѓански ангажман надвор од формалното граѓанско општество", изјави Едрјиу Фирмин, составувач на извештајот. Скоро во секоја земја, неформалното учество, го надминува членството во формалните граѓански организации. Во 2011 г. многу граѓани најдоа нови начини на мобилизација на луѓе, како што беа протестите во повеќе земји од сите континенти.

МЦМС во извештајот за Македонија препорачува „потребно е граѓанските организации поинтензивно да се фокусираат на јавноста, односно на граѓаните и на своето членство. Градењето вакви односи ќе овозможи проактивно презентирање на резултатите од активностите што ќе обезбеди поголема видливост на организациите. На подолги патеки, ваквите релации ќе ја подобрат довербата и поддршката на граѓанските организации".

Наравоучението за поддржувачите на граѓанскиот сектор и за самите граѓански организации е дека треба најдат начини да се поврзат со новите групи активисти и луѓето кои се здружуваат на други алтернативни начини, како што е здружувањето на и преку социјалните медиуми. МЦМС објави студии за улогата на социјалните медиуми во Македонија.

Една од препораките во македонскиот извештај е дека „понатамошното зајакнување на соработката меѓу организациите на работодавачите, синдикатите и граѓанските организации станува неопходно. Оваа соработка може да биде основа за одржлив граѓански и социјален дијалог".

ИГО оценуваше пет димензии на граѓанското општество и направи преглед на оценките на глобално ниво. Во споредба со други 29 земји и/или територии, каде се спроведуваше ИГО, Република Македонија е рангирана на 13-то место, со средна оценка од 52,5 (на скала од 0 до 100). Во однос на балканските земји (Албанија, Бугарија, Косово, Србија, Словенија, Турција и Хрватска), Македонија е на второ место, по Албанија. Најслаба оценка од балканските земји има Турција.

Извештајот е напишан на лесно разбирлив англиски јазик и е наменет за пошироката јавност. Истиот може да се најде на англиски јазик на: http://www.civicus.org/news-and-resources/reports-and-publications/588. Македонскиот извештај може да се најде на: http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1140-dolg-patdo-pogolem-graganski-angazman-izvestaj.html

## Биди волонтер, направи разлика!

Биди волонтер, направи разлика е слоганот на Европската година на волонтерството, 2011. Во нејзиното одбележување придонесе и студиската посета за политиките за волонтерство во Европската Унија (ЕУ) за над 50 учесници од граѓанските организации од девет земји. Од Македонија учествуваа претставници на Конект, Волонтерскиот центар Скопје и Младинскиот културен центар – Битола, Хабитат и на МЦМС. Од МЦМС учествуваше Даниела Стојанова.

Целта на посетата беше промоција на европските стандарди за квалитет на волонтерските акции во земјите кои целат кон членство во ЕУ, имајќи ги предвид различните пристапи, традиции и состојби. Учесниците имаа можност да слушнат за традициите и политиките за волонтерство во земјите од ЕУ, за алијансата за Европската година на волонтерството, потоа да разменат искуства за волонтерството во регионот и Исланд и да воспостават контакти за понатамошно заедничко дејствување. Беше презентиран и проектот за мерење на волонтерскиот ангажман.

Од размената на искуства може да се заклучи дека нивото на волонтирање во членките на ЕУ е на слично ниво. Слично е и во балканските земји со скоро исто ниво на ангажман.

Во Македонија е донесен закон и стратегија, во Хрватска пак е развиена мрежа на волонтерски центри и Национален совет за развој на волонтерството. МЦМС го истражува и промовира волонтерството, а и редовно вклучува волонтери во својата работа.




*Претставници од Македонија на студиска посета во Брисел*

За време на студиската посета, Европската комисија (ЕК) го донесе и документот Комуникација за политиките на ЕУ и волонтирањето: Признавање и промовирање на прекугранични волонтерски активности во ЕУ. Студиската посета се одржа во Брисел, Белгија од 19 до 22 септември 2011 г. во рамките на програмата Луѓе за луѓето (People to People-P2P).

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов бб, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk